Врз основа на член 166 став 1, член 166 став 4 и член 171 став 2 од Законот за животна средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/05), министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите, донесуваат

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И РОКОВИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ; НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТАНИОТ И УПЛАТЕНИОТ НАДОМЕСТОК; ЗА СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ОБВРЗНИЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА**

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

**Предмет**

(1) Со овој правилник се пропишуваат начинот, постапката и роковите за утврдување, пресметување, уплатување на надоместоците определени со Законот за животна средина (во понатамошниот текст: Законот); начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок и содржината, начинот и роковите за воспоставување, одржување и водење на евиденцијата на обврзниците од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, како и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата.

## II. НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И РОКОВИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

Член 2

**Пресметување, утврдување и наплатување на надоместокот**

(1) Обврзникот за плаќање на надоместокот од член 183, 184 и 185 став (1) од Законот самостојно го пресметува надоместокот при пуштањето на производите во промет во согласност со Закон.

(2) Обврзникот за плаќање на надоместокот од став 1 на овој член самостојно го прикажува надоместокот во финансиската документација (фактура, увозна и извозна декларација), при пуштање на производите во промет во согласност со Закон.

(3) Обврзникот за плаќање на надоместокот од став 1 и 2 самостојно го уплатува надоместокот во рокот утврден во Законот и на уплатните сметки утврдени согласно Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/04, 74/04, 42/05 и 62/2005).

## III. НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА НАДОМЕСТОКОТ

### Член 3

**Известување за обврската за плаќање на надоместокот и евиденционен број**

(1) Обврзникот за плаќање на надоместокот во рок од 15 дена од денот на првата уплата на надоместокот, доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина известување со податоци заради негово евидентирање како обврзник за плаќањето на надоместокот.

(2) Обврзникот за плаќање на надоместокот известувањето од став 1 од овој член го доставува и пополнува според Образец 1 даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Врз основа на известувањето од став 1 од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го евидентира обврзникот во согласност со глава IV од овој правилник.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од пет дена од денот на добивање на известувањето, го евидентира обврзникот за плаќање на надоместокот.

(5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно редоследот на пристигнатите известувања, му доставува на обврзникот евиденционен број.

(6) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со првото решение за надоместок од став (5) на овој член, го евидентира обврзникот и го утврдува евиденциониот број на обврзникот за плаќање на надоместокот.

(7) Обврзникот за плаќање на надоместокот го внесува во уплатницата за плаќање на надоместокот евиденциониот број од став (5) и (6) од овој член, при секоја наредна уплата на надоместокот.

### Член 4

**Водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместокот од страна на обврзникот за плаќање на надоместок и за надоместокот кој не се пресметува**

(1) Обврзникот за плаќање на надоместокот ја води, одржува и чува евиденцијата за надоместокот, според Образец 2, даден во Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник.

(2) Обврзникот за плаќање на надоместокот ги чува сите документи информации и податоци во врска со евиденцијата од став (1) од овој член согласно прописите за даночна постапка.

(3) Обврзникот ја води и одржува евиденцијата електронски и на хартија.

### Член 5

**Тромесечен извештај за вкупно уплатениот надоместок**

(1) Обврзникот за плаќање на надоместокот на секои три месеци, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, доставува известување за надоместокот според Образец од член 4 од овој правилник.

(2) Известувањето од став 1 од овој член обврзникот го доставува во електронска и пишана форма и тоа за уплатениот надоместок за месеците:

- јануари, февруари и март, обврзникот го доставува најдоцна до 10 април во тековната година;
- април, мај и јуни, обврзникот го доставува најдоцна до 10 јули во тековната година;
- јули, август и септември, обврзникот го доставува најдоцна до 10 октомври во тековната година;
- октомври, ноември и декември во претходната година, обврзникот го доставува најдоцна до 10 јануари во тековната година.

## IV. ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ОБВРЗНИЦИТЕ

### Член 6

**Евиденција на обврзниците за плаќање на надоместоците**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина води евиденција на обврзниците за плаќање на надоместоците според Образец 3, даден во Прилог 3, кој е составен дел од овој правилник.

(2) Евиденцијата од став 1 се води во електронска и пишана форма.

(3) Консолидиран извештај за вкупно уплатените надоместоци во претходната година, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина најдоцна до 15 февруари во тековната година, доставува до Управата за јавни приходи, според Образецот од став 1 на овој правилник.

### Член 7

**Евиденција на обврзниците**

(1) Заради воспоставување, одржување и водење на евиденција на обврзниците, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за секој обврзник одделно определува евиденционен број на обврзникот.

(2) Евиденциониот број се обележува со арапска бројка.

(3) Евиденциониот број се определува според редоследот на пристигнување на известувањата од член 3 од овој правилник, започнувајќи од бројот “1”.

(4) Евиденциониот број е единствен број за секој обврзник за плаќање на надоместокот одделно.

(5) Евиденциониот број се означува со кратенката “ЕБЖС” пред која стои бројот на обврзникот согласно став 3 од овој член.

### Член 8

**Чување на документите, податоците и информациите**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги чува документите, податоците и информациите во врска со евиденцијата од став (1) од член 6 од овој правилник, согласно прописите за чување на документација.

V. ОДРЕДБА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Член 9

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Бр. 07-5706/1
22 декември 2005 година
Скопје

Министер за животна
средина и просторно планирање,
д-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.

Бр. 02-33011/2
21 декември 2005 година
Скопје

Министер
за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

ПРИЛОГ 1

ОБРАЗЕЦ БР. 1

| 1*Назив/фирма: | 2*Седиште: | 3*Единствен даночен број и број на деловен субјект | 4*Претежна дејност на субјектот: | 5*Лице за контакт за известувањето |
|---|---|---|---|---|
| 1* | 2* | 3* | 4* | 5* |
| 6* СМЕТКА на обврзникот: | 6* | | | |
| 7* ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОКОТ | | | | |
| 7.1* Вид на надоместок | 7.2 *Дата на уплата на надоместокот | 7.3 *Висина на надоместокот | 7.4* Субјект кој го наплатил надоместокот | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| 7.5 * ВКУПНО | | | | 7.5 * |

Место, Дата

______,____/____/___година ,

мп.

Потпис на одговорното лице

______________________________

**УПАТСТВО**

**за потполнување на Образецот бр. 1 (Образец за известување заради добивање на евиденционен број за животна средина заради евидентирање на обврзникот за плаќање на надоместок)**

| | |
|---|---|
| **Податок 1*** | Се внесуваат податоци за називот на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар. |
| **Податок 2*** | Се внесуваат податоци за седиштето на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар. |
| **Податок 3*** | Се внесува Единствениот даночен број на лицето и бројот на деловниот субјект од известувањето на Заводот за статистика |
| **Податок 4*** | Се внесува претежна дејност на лицето определена согласно решението за регистрација на правниот субјект од изветувањето на Заводот за статистика |
| **Податок 5*** | Се внесуваат податоци за одговорното лице задолжено за подготовка на известувањето |
| **Податок 6*** | Се внесува бројот на жиро сметка на правниот субјект |
| **Податок 7.1*** | Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој го уплатил лицето и тоа: |

| Вид на надоместок | Шифра |
|---|---|
| надоместок за заштита на животна средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово | ЖУ- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата | ПИ- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | ЖУ- 02 |
| надоместок за заштита на животна средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти | ЖД- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина при сеча на дрва | ПД- 02 |
| надоместок за заштита на животната средина за управување со индустриски неопасен отпад | ОД- 03 |
| надоместок за заштита на животна средина при увоз на тутунски производи | ЖУ- 03 |
| надоместок за заштита на животна средина при производство на тутунски производи | ЖП- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина при производство или увоз на нафтени деривати | ЖУ- 04 |
| надоместок за заштита на животна средина за производство на пластични производи и амбалажа од пластични маси | ОП- 02 |
| надоместок за заштита на животна средина за увоз на пластични производи и амбалажа од пластични маси | ОУ- 05 |
| Надоместок за регистрација на моторни возила и пловни објекти | РВ - 06 |

| | |
|---|---|
| **Податок 7.2*** | Се внесува датумот кога е извршена уплата на надоместокот |
| **Податок 7.3*** | Се внесува износот на надоместокот кој е уплатен на соодветната уплатна сметка (во Македонски денари) |
| **Податок 7.4*** | Се внесува шифрата за субјектот кој го наплатил надоместокот, и тоа: |

| Вид на субјектот кој го наплатил надоместокот | Шифра |
|---|---|
| Царинска Управа на Република Македонија | 1 |
| Самостојна уплата на сметка | 2 |
| Присилна наплата (Управа за Јавни Приходи, Банка) | 3 |

| | |
|---|---|
| **Податок 7.5*** | Се внесува вкупно платениот износ за сите надоместоци.<br>Доколку се платени повеќе надоместоци, се внесува збирот износите од колоната 7.5 |

ПРИЛОГ 2

ОБРАЗЕЦ БР. 2

| | |
|---|---|
| 0* Број на известувањето | 0* |
| 1* Евиденционен број : | 1* |

| 2*Назив/фирма: | 3*Седиште: | 4* Единствен даночен број и бројот на деловниот субјект | 5* Назначување на тромесечието за кое се доставува известувањето/ за кое се води евиденцијата | 6* Лице за контакт за известувањето | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2* | 3* | 4* | 5* | 6* | |
| 7* ВИД НА НАДОМЕСТОК | | | | | |
| 7.1* Вид на надоместок | 7.2* Дата на уплата на надоместокот | 7.3* Вид на документ за пресметка на надоместокот | 7.4* Број на документ за пресметка на надоместокот | 7.5* Висина на надоместокот (поединечна вредност) | |
| 7.1* | 7.2* | 7.3* | 7.4* | | 7.5* |
| 7.1* | 7.2* | 7.3* | 7.4* | | 7.5* |
| 7.1* | 7.2* | 7.3* | 7.4* | | 7.5* |
| 7.1* | 7.2* | 7.3* | 7.4* | | 7.5* |
| | | | | 7.6* Вкупен износ на уплатениот надоместок поединечнозa последните три месеци | 7.6* |
| 7.7* ВКУПНО УПЛАТЕНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ МЕСЕЦИ | | | | 7.7* | |

| 8* ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК | | | |
|---|---|---|---|
| 8.1* Вид на надоместок | 8.2* Известување со кое бара ослободување | 8.3* Број на решение за ослободување | 8.4* Висина на ослободувањето од плаќање на надоместокот (поединечна вредност) |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* |
| 8.1* | 8.2* | 8.3* | 8.4* |
| | | 8.5* ВКУПНО | 8.5* |

| 9* НАДОМЕСТОКОТ КОЈ НЕ СЕ ПРЕСМЕТУВА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9.1* Вид на надоместок | 9.2* Број на фактура во која е прикажан надоместокот | 9.3* Број на извозна царинска декларација | 9.4*Висина на надоместокот кој не се пресметува (поединечна вредност) | Висинана надоместокот кој не се пресметува (вкупно по вид на надоместок) |
| 9.1* | 9.2* | 9.3* | 9.4* | 9.5* |
| 9.1* | 9.2* | 9.3* | 9.4* | 9.5* |
| 9.1* | 9.2* | 9.3* | 9.4* | 9.5* |
| 9.1* | 9.2* | 9.3* | 9.4* | 9.5* |
| | | | 9.6*ВКУПНО | 9.6* |

Место, Дата

________, ____/____/___година ,

мп.

Потпис на
одговорното лице

______________________________

# УПАТСТВО

**за потполнување на Образецот бр. 2 (Образец за водење, одржување и чување на евиденцијата за уплатениот надоместок, за ослободување од плаќање надоместок и за надоместокот кој не се пресметува за секое претходно тромесечие)**

<table>
<tr><td>Податок 0*</td><td>Се внесува шифрата за тромесечието за кое се доставува, редоследниот број на образецот, и годината (Пример I-01-2005)</td></tr>
<tr><td>Податок 1*</td><td>Се внесува евиденциониот број за животна средина утврден согласно евиденцијата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина</td></tr>
<tr><td>Податок 2*</td><td>Се внесуваат податоци за називот на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар.</td></tr>
<tr><td>Податок 3*</td><td>Се внесуваат податоци за седиштето на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар.</td></tr>
<tr><td>Податок 4*</td><td>Се внесува Единствениот даночен број на лицето и бројот на деловниот субјект од известувањето од Заводот за статистика</td></tr>
<tr><td>Податок 5*</td><td>Се внесува шифрата за тромесечието за кое се доставува известувањето/ за кое се води евиденцијата, и тоа:
<table>
<tr><th>Тромесечие</th><th>Шифра</th></tr>
<tr><td>за месеците јануари, февруари и март,</td><td>I</td></tr>
<tr><td>за месеците април, мај и јуни,</td><td>II</td></tr>
<tr><td>за месеците јули, август и септември,</td><td>III</td></tr>
<tr><td>за месеците октомври, ноември и декември во претходната година,</td><td>IV</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Податок 6*</td><td>Се внесуваат податоци за одговорното лице задолжено за подготовка на известувањето</td></tr>
<tr><td>Податок 7.1*</td><td>Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој го уплатил лицето и тоа:
<table>
<tr><th>Вид на надоместок</th><th>Шифра</th></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово</td><td>ЖУ- 01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата</td><td>ПИ- 01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка</td><td>ЖУ- 02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти</td><td>ЖД- 01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина при сеча на дрва</td><td>ПД- 02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животната средина за управување со индустриски неопасен отпад</td><td>ОД- 03</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина при увоз на тутунски производи</td><td>ЖУ- 03</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина при производство на тутунски производи</td><td>ЖП- 01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина при производство или увоз на нафтени деривати</td><td>ЖУ- 04</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за производство на пластични производи и амбалажа од пластични маси</td><td>ОП- 02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за увоз на пластични производи и амбалажа од пластични маси</td><td>ОУ- 05</td></tr>
<tr><td>Надоместок за регистрација на моторни возила и пловни објекти</td><td>РВ - 06</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td>Се внесува шифрата за секоја уплата и за секој надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 7.2*</td><td>Се внесува датумот кога е извршена уплата на надоместокот за секоја уплата и за секој надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 7.3*</td><td>Се внесува шифрата за видот на документот врз основа на кој е извршена пресметка на надоместокот и тоа:
<table>
<tr><th>Видот на документот</th><th>Шифра</th></tr>
<tr><td>Фактура</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Царинска декларација</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Неделен извештај</td><td>3*</td></tr>
</table>
* надлежниот орган за регистрација на моторните возила го наведуваат бројот на неделата изразена во редент број на неделата/бројот на месецот и годината за која го уплатиле надоместокот (пр. за втората недела од месец април 2006 година ќе стои 2/04/06)</td></tr>
<tr><td>Податок 7.4*</td><td>Се внесува бројот на документот од податокот 7.3*</td></tr>
<tr><td>Податок 7.5*</td><td>Се внесува износот на надоместокот кој е уплатен на соодветната уплатна сметка (во денари) за секоја уплата и за секој надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 7.6*</td><td>Се внесува вкупно уплатен износ на надоместокот. Податоците се внесуваат како вкупни податоци за секој вид на надомест определен согласно податокот 7.1* поединечно. Вкупниот износ се пресметува за последните три месеци</td></tr>
<tr><td>Податок 7.7*</td><td>Се внесува вкупниот збир на платениот износ за сите надоместоци за последните три месеци.</td></tr>
<tr><td>Податок 8.1*</td><td>Се шифрата односно шифрите за видот на надоместокот за кој се прикажува ослободувањето, согласно шифрата на надоместокот од податок 7.1*</td></tr>
<tr><td>Податок 8.2*</td><td>Се внесува бројот на известувањето со кое обврзникот барал ослободување од плаќање надоместок</td></tr>
<tr><td>Податок 8.3*</td><td>Се внесува бројот на решението со кое обврзникот се ослободува од плаќање надоместок</td></tr>
<tr><td>Податок 8.4*</td><td>Се внесува висината на ослободувањето од плаќање за секој вид на надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 8.5*</td><td>Се внесува вкупниот збир на ослободувањето од плаќање надоместок за последните три месеци</td></tr>
<tr><td>Податок 9.1*</td><td>Се шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој не се пресметува, согласно шифрата на надоместокот од податок 7.1*</td></tr>
<tr><td>Податок 9.2*</td><td>Се внесува број на фактурата во која е прикажан надоместокот</td></tr>
<tr><td>Податок 9.3*</td><td>Се внесува број на извозна царинска декларација</td></tr>
<tr><td>Податок 9.4*</td><td>Се внесува висината на надоместокот кој не се пресметува за секој вид на надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 9.5*</td><td>Се внесува вкупната висината на надоместокот кој не се пресметува и тоа вкупно за секој вид на надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 9.6*</td><td>Се внесува вкупната висината на надоместоците кој не се пресметуваат за последните три месеци</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>

ПРИЛОГ 3

Образец 3

| | |
|---|---|
| 1* Назначување на годината за која се подготвува/доставува извештајот | 1* |

| 2*Евиденционен број | 3* Единствен Даночен број и број на деловниот субјект | 4* Назив/фирма | 5* Седиште | 6* Вид на надоместок | 7* Висина на надоместокот (поединечна вредност) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2* | 3* | 4* | 5* | 6* | | 7* |
| 2* | 3* | 4* | 5* | 6* | | 7* |
| 8* Вкупно евидентирани надоместоци по вид на надоместок | | | | | ЖУ- 01 | 8* |
| | | | | | ПИ- 01 | 8* |
| | | | | | ЖУ- 02 | 8* |
| | | | | | ЖД- 01 | 8* |
| | | | | | ПД- 02 | 8* |
| | | | | | ОД- 03 | 8* |
| | | | | | ЖУ- 03 | 8* |
| | | | | | ЖП- 01 | 8* |
| | | | | | ЖУ- 04 | 8* |
| | | | | | ОП- 02 | 8* |
| | | | | | ОУ- 05 | 8* |
| | | | | | РВ - 06 | 8* |
| 9* Вкупна евидентирани ослободувања од плаќање на надоместок по вид на надоместок | | | | | ЖУ- 01 | 9* |

| | | |
|---|---|---|
| | ПИ- 01 | 9* |
| | ЖУ- 02 | 9* |
| | ЖД- 01 | 9* |
| | ПД- 02 | 9* |
| | ОД- 03 | 9* |
| | ЖУ- 03 | 9* |
| | ЖП- 01 | 9* |
| | ЖУ- 04 | 9* |
| | ОП- 02 | 9* |
| | ОУ- 05 | 9* |
| | РВ - 06 | 9* |
| 10* Вкупно евидентирани надоместоци кој не се пресметуваат по вид на надоместок | ЖУ- 01 | 10* |
| | ПИ- 01 | 10* |
| | ЖУ- 02 | 10* |
| | ЖД- 01 | 10* |
| | ПД- 02 | 10* |
| | ОД- 03 | 10* |
| | ЖУ- 03 | 10* |
| | ЖП- 01 | 10* |
| | ЖУ- 04 | 10* |
| | ОП- 02 | 10* |
| | ОУ- 05 | 10* |
| | РВ - 06 | 10* |
| 11*Вкупно евидентирани надоместоци по Евиденционен број _____ | | 11* |
| 12* Вкупно евидентирани ослободувања од плаќање на надоместок по Евиденционен број _____ | | 12* |
| 13* Вкупно евидентирани надоместоци кој не се пресметуваат по Евиденционен број _____ | | 13* |
| 14*ВКУПНО ЕВИДЕНТИРАНИ НАДОМЕСТОЦИ | | 14* |

| | |
|---|---|
| 15* Лице за контакт за известувањето | 15* |

Место, Дата

_______, ____/____/___година ,

мп.

Потпис на
одговорното лице

_____________________________

# УПАТСТВО

**за потполнување на Образецот бр. 3 (Образец за водење и доставување на годишен консолидиран извештај за евиденцијата на обврзниците за плаќање на надоместоците и за вкупно уплатени надоместоци, ослободување од плаќање надоместок и за надоместокот кој не се пресметува )**

| | |
|---|---|
| **Податок 1*** | Се внесува годината за која се подготвува/доставува извештајот |
| **Податок 2*** | Се внесува евиденциониот број за животна средина утврден согласно евиденцијата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина |
| **Податок 3*** | Се внесува Единствениот даночен број на лицето и бројот на деловниот субјект од известувањето на Заводот за статистика |
| **Податок 4*** | Се внесуваат податоци за називот на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар. |
| **Податок 5*** | Се внесуваат податоци за седиштето на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар. |
| **Податок 6*** | Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој го уплатил лицето и тоа. (видете ја табелата подолу) Се внесува шифрата за секоја уплата и за секој надоместок поединечно |
| **Податок 7*** | За секој евиденционен број се внесува вкупниот годишен износ за секој уплатен надоместок поединечно |
| **Податок 8*** | Се внесува збирот на податоците од 7* за вкупно уплатениот износ на надоместокот и тоа по вид на надоместок. (во Македонски денари). |
| **Податок 9*** | Се внесуваат податоци за вкупно евидентираните ослободувања од плаќање надоместок по вид на надоместок (во Македонски денари). |
| **Податок 10*** | Се внесуваат податоци за вкупно евидентирани надоместоци кој не се пресметуваат по вид на надоместок (во Македонски денари). |
| **Податок 11*** | Се внесува збирот на податоците од 7* за вкупно уплатениот износ на надоместокот и тоа по евиденционен број (во Македонски денари). |
| **Податок 12*** | Се внесува вкупниот износ на евидентираните ослободувања од плаќање на надоместок по Евиденционен број (во Македонски денари). |
| **Податок 13*** | Се внесува вкупниот износ на евидентирани надоместоци кој не се пресметуваат по Евиденционен број(во Македонски денари). |
| **Податок 14*** | Се внесува вкупниот износ (во Македонски денари) на сите евидентираните надоместоци за годината за која се подготвува извештајот. |
| **Податок 15*** | Се внесуваат податоци за одговорното лице задолжено за подготовка на известувањето |

Табела кон Податок 6*:

| Вид на надоместок | Шифра |
|---|---|
| надоместок за заштита на животна средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово | ЖУ- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата | ПИ- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | ЖУ- 02 |
| надоместок за заштита на животна средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти | ЖД- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина при сеча на дрва | ПД- 02 |
| надоместок за заштита на животната средина за управување со индустриски неопасен отпад | ОД- 03 |
| надоместок за заштита на животна средина при увоз на тутунски производи | ЖУ- 03 |
| надоместок за заштита на животна средина при производство на тутунски производи | ЖП- 01 |
| надоместок за заштита на животна средина при производство или увоз на нафтени деривати | ЖУ- 04 |
| надоместок за заштита на животна средина за производство на пластични производи и амбалажа од пластични маси | ОП- 02 |
| надоместок за заштита на животна средина за увоз на пластични производи и амбалажа од пластични маси | ОУ- 05 |
| Надоместок за регистрација на моторни возила и пловни објекти | РВ - 06 |